РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-235/3
18-09-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот -------------------, на третото продолжение на 38-та седница одржана на 14.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3267/1 од 25.06.2019 година оформен по пријава од подносителот ____________________поднесена на 25.06.2019 година, во која се укажува на наводи за сомневања за незаконитости сторени од страна на службени лица во АКН -Одделение за катастар на недвижности–Струга во врска со исправка во Имотен лист број 6200 за КО Струга со тоа што било запишано дека се работи за времен објект кој постоел со години, без да му се даде можност на носителот на правото на сопственост да користи жалба или да поведе управен спор.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3267/1 од 25.06.2019 година, од причина што постапувал друг надлежен орган (Агенцијата за катастар на недвижности) кој согласно своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба, презел конкретни мерки согласно закон и донел одлука, а незадоволната странка го искористила правото и со тужба завела управен спор пред Управниот суд.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3267/1 од 25.06.2019 година е оформен врз основа на пријава поднесена од подносителот ------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости од страна на службени лица во АКН Одделение за катастар на недвижности–Струга во врска со исправка во Имотен лист број 6200 за КО Струга со тоа што било запишано дека се работи за времен објект кој постоел со години, без да му се даде можност на носителот на правото на сопственост да користи жалба или да поведе управен спор. Во пријавата се наведува дека подносителот врз основа на Решение од 22.10.2012 година се стекнал со сопственост на недвижен имот- заедничка сопственост (КП бр.1430 дел 2 на м.в Б.Кидрич број на зграда 1 влез 1 кат ПР) во површина од 14 м2. Во текот на 2019 година по барање на општина Струга, АКН Одделение за катастар на недвижности–Струга, како што се наведува во пријавата, незаконски и без

знаење на лицето Ибрахим Гега била извршена исправка во имотниот лист бр. 6200 за КО Струга при што била извршена измена на Имотниот лист бр. 6200 за КО Струга на начин што била направено дополнување дека се работи за времен објект во кој се вршеле берберски услуги, а потврдата ја објавил на огласна табла. Со Решение од 05.04.2019 год. донесено од овластен градежен инспектор при општина Струга им било наредено на заеднички сопственици - здружение на пензионери Општински одбор Струга и на ------------------- во рок од 10 дена да ја отстранат градбата времен објект, поради реализација на урбанистички планови и урбанистичко планска документација.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12-235/1 од 15.01.2020 година до Агенцијата за катастар на недвижности да достави информација за тоа кој бил основот поради што Агенцијата за катастар на недвижности извршила исправка во имотниот лист број 6200 за КП 1430 КО Струга кој гласи на лицето -------------, која исправка се однесувала на промена на видот на објектот – од објект од траен карактер во времен објект, со тоа што потврдата за исправка била објавена на огласна табла се со цел сопственикот на објектот да пропушти дејствие за поведување на управен спор, како и по кој правен основ Агенцијата за катастар на недвижности го запишала Општинското здружение на пензионери како сосопственик на објектот лоциран на КП 1430/2 за КО Струга заедно со правниот претходник на лицето -------------, со прилог Уверенија за историски преглед за извршени запишувања на правото на сопственост на овој дел од катастарската парцела.

Во законски утврдениот рок од Агенцијата за катастар на недвижности беше доставена бараната документација.

Од направениот увид во приложените документи, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

- Во 1967 година на таткото на подносителот му било доделено градежно земјиште за изградба на барака за берберница, до бифето на пензионерскиот дом. ДКСК не дојде до конкретни докази со каков акт му е доделено земјиштето на таткото на подносителот и од кого.
- Постапувајќи по барањето на ДКСК, Секторот за контрола и надзор при Агенцијата за катастар на недвижности направил увид во катастарската евиденција и архивската документација при што констатирал дека врз основа на поднесено барање од Општина Струга бр.0306-204/1 од 05.03.2019 година, направен е повторен увид во постапката на систематското излагање на податоците од катастарот на недвижности кога и за прв пат е запишано правото на сопственост на предметната недвижност во И.Л.6200 К.О. Струга, при што се констатирани одредени неправилности во постапката.

Од таа причина, Одделението за катастар на недвижности Струга оформило предмет по службена должност со бр.1121-375/2019 од 06.03.2019 година, при што утврдило дека во постапката по предметите со Дн.бр.109/2000 од 24.11.2000 година, Д.н.бр.4663/07 од 29.10.2007 година Дн.бр.1214/596 од 25.08.2008 година, Дн.бр.1205/114 од 31.07.2008 година и бр.1112-814/2013 од 18.07.2013 година, е направен пропуст по однос на толкување на топографскиот знак на објектот на К.П.1430/2 К.О. Струга, по што е направена измена во катастарскиот операт, односно објектот - зграда 1 со својата намена се запишува со шифра БІ-17 (други мали, комерцијални и деловни единици), додека по основ на градбата е

утврдено дека се работи за објект од времен карактер и истиот како таков се запишува во лист за времени објекти бр.6200 К.О.Струга.

Имено, предметниот објект бил снимен и исцртан на важечките катастарски планови од катастар на земјиште и евидентиран во П.Л.140 К.О. Струга како земјиште под објект од 16 $^{2}$, меѓутоа видно топографскиот знак. како киоск-трафика односно деловно времен објект (КУ 2600).

Поради погоре изнесеното, направена е исправка на податоците од И.Л.6200 К.О. Струга при што намената на етажот од зграда 1 во рамките на КЛ.1430/2 е запишана со шифра БІ-17 како други мали комерцијални и деловни единици во лист за времени објекти бр.6200 К.О. Струга на Сојуз на здруженија на пензионери Општински одбор Струга и -------------.

- Со потврда 1121-375/2019 од 11.03.2019 година донесена по службена должност е извршена исправка на грешка во катастарот на недвижности и објектот на Кеј "Борис Кидрич" во Струга запишан во имотен лист 6200 како деловен простор, се преименувал во времен објект. Незадоволен од така донесената одлука-потврда подносителот на пријавата понел тужба за покренување на управен спор пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го сето гореспоменато, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапувал друг надлежен орган (Агенцијата за катастар на недвижности) кој согласно своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба, презело конкретни мерки согласно закон и донел одлука, а незадоволната странка со тужба завела управен спор пред Управниот суд. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени, па поради тоа нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk